**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 28.11.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 6053 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност и трговија со книги ИЛИ-ИЛИ Ненад и Игор ДОО-Скопје, с.Бардовци

   - Изданието бр.02 на списанието" ФИЛМ+" за ноември 2016 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштво за издавачка дејност и трговија со книги ИЛИ-ИЛИ Ненад и Игор ДОО-Скопје, с.Бардовци, ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека издавачот на печатениот медиум кој беше субјект на надзорот **во целост ја исполнил** обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***